Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ОД РЕАЛИЗИРАНА АНКЕТА/ПРАШАЛНИК

# „РОДИТЕЛИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ ВО ЗОНАТА НА УЧИЛИШТЕТО!“

Здружението на Граѓани Еко Логик преку програмата Вело Училишта, во соработка со д-р Јасмина Буневска Талевска-Амбасадор  на културата во сообраќајот за Македонија,  подготви прашалник кој имаше за цел да го претстави мислењето на родителите за безбедноста на сообраќајот во зоната на училиштето.

Одговорите на родителите претставуваат  значителен придонес во понатамошните чекори кои ќе бидат превземени во врска со безбедноста во сообраќајот, како и промоција на велосипедизмот во нашата држава.

Заклучоците кои произлегоа од овој прашалник се следни:

- Одговорите кои ни пристигнаа опфатија повеќе општини во нашата држава меѓу кои:

| | |
|---|---|
| Куманово | Кисела Вода |
| Пробиштип | Карпош |
| Крива Паланка | Чаир |
| Битола | Охрид |
| Аеродром | с.Конопница |
| Неготино | Прилеп |
| Велес | Ѓорче Петров |
| Гевгелија | Радовиш |

- Следниот графикон претставува приказ на застапеноста на децата (машки/женски) како рамноправни учесници во сообраќајот

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

203 responses




- Одалеченоста на училиштето навистина претставува предизвик за голем број на родители, кои сепак е потребно да превземат дополнителна организација за да го однесат своето дете до неговото училиште. Сепак добиените резултати и вклучените општини или 42,9% во овој прашалник ни ја доловуваат сликата дека е попрактично кога училиштето се наоѓа во непосредна близина до местото на живеење.

203 responses




- На прашањето како најчесто детето пристигнува до своето училиште, најголемиот број на одоговори или 80,8% што ги добивме, беа дека децата пешки се движат за да пристигнат до своето училиште. Родителите споделија и конкретни имиња на улици кои се поминуваат од страна на нивните деца за да пристигнат до нивните училишта. Некои од тие улици се следните:

| | |
|---|---|
| Македонски револуционери | Тодор Александров |
| Кочо Рацин | Прилепска |
| Вељко Влаховиќ | Михаил Чаков и уште многу други |

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk




- Постојаниот предизвик со кој нашата држава се соочува постојано е континуираната пешачка и/или велосипедска зона која води до училиште или до друга дестиниција. Така што најчестите одговори кои ги добивме во овој прашалник, поврзани со прашањето дали постојат велосипедски и/или пешачки патеки до училиштето на нивното дете се тоа дека не постојат или доколку постојат истите се комплетно небезбедни и постојано окупирани од возила.

- На прашањето колку  велосипедски паркинзи постојат во самиот двор на училиштето, не радува фактот дека најголемиот процент од одговорите 38,9% се дека сепак постојат велосипедски паркинзи (1-3) во училиштето на нивното дете. Исто така поголемиот број на одговори беа дека истите се функционални.




- Следното прашање на кое повеќе од 50,7% од родителите одговорија позитивно, односно дека постојат критични места и опасни сообраќајни улици на патот што го

поминува нивното дете до училиште. Неколку од причините за истото е дека автомобилите возат со преголема брзина,  непостоењето на сообраќајни знаци, слаба прегледност на улиците итн.




- Како надоврзување на претходното прашање, потврдија и 52,5% од одговорите дека понекогаш не се почитуваат сообраќајните знаци и правила во сообраќајот.




- Секој од нас се соочува со одредени услови за пешачење или возење на велосипед во сопственото соседство. Дали се истите соодветни, или пак можеби има голем интенизтет на сообраќај, можеме подетално да воочиме од инфографикот што следува:

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk




- Постоењето на т.н. средства за смирување на сообраќајот како што се: пешачки премини, легната сигнализација/забавување-бетонска/гумена и сл. е навистина круцијално кога станува збор за безбедноста на сообраќајот. 50,7% од одговорите се дека постојат само некои од нив во зоната на училиштата.




- Постоењето на соодветна модификација на инфраструктурата околу и во самите училишта за децата со посебни потреби, го потенцира прашањето за инклузивноста и вклученоста на сите граѓани во сообраќајот и нивната безбедност во истиот. 51 позитивен одговор на ова прашање ни укажува на тоа дека сепак се превземаат конкретни и соодветни чекори за вклучување на секое дете во образовниот процес, но се наметнува прашањето дали се самите чекори доволни, или е потребно повеќе?

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

- Континуирано изградени тротоари од дома до училиште е причина број еден, која 53,2% од родителите ја истакнаа за да дозволат нивното дете да пешачи или вози велосипед од/до училиште.




- Не постоењето на нови најави од страна на локалните власти за подобрување на постоечка и/или креирање на нова велосипедска и/или пешачка инфраструктура која води директно до училиштата претставуваат мотив плус за сите засегнати страни да се поттикнат соодветните прашања и иницираат средби и дискусии со претставници од самите општини.

- Поддршката и позитивното мислење на 79,3 % од родителите кои го одговорија овој прашалник за воведување на училишни сообраќајни патроли го потврдува превземањето на следниот чекор од сите засегнати страни за безбедноста на сообраќајот во зоната на училиштата.

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk




- Училиштето претставува место каде учениците го добиваат и унапредуваат своето знаење од сите области, а тоа ни го потврдија и 65,5% од одговорите.




- На прашањето преку кои активности треба да се овозможува знаењето од областа на безбедност во сообраќајот 73,4% од одговорите беа дека најсоодветно, знаењето се унапредува преку работилници со ученици, наставници, родители.




РЕЗИМЕ

Сведоци сме на се поголема и почеста употреба на велосипедот како превозно средство. А соочени со фактот дека децата претставуваат рамноправни учесници во сообраќајот, затоа е потребно да посветиме посебно внимание за нивната безбедност во зоната на нивното училиште. Воедно посветувајќи внимание на безбедноста во сообраќајот, сакаме да ја истакнеме и поттикнеме важноста за секојдневната употребата на велосипед до/од училиште. Со поттикнувањето и зголемувањето на колективната свест за користењето на велосипедот како секојдневно превозно средство, а со тоа и истакнувајќи ја важноста за безбедноста во сообраќајот, придонесуваме во зачувување на животната средина, во нашата непосредна околина и пошироко.

Одалеченоста на училиштето навистина претставува предизвик за голем број на родители,но сепак добиените резултати и вклучените општини во овој прашалник ни ја доловуваат сликата дека е навистина практично кога училиштето се наоѓа во непосредна близина до местото на живеење. Пешачењето до училиште кои го практикуваат над 80% од децата е навистина позитивен чекор кои го превземаат заедно со нивните родители. Постојаниот предизвик со кој нашата држава се соочува е континуираната пешачка и/или велосипедска зона која води до училиште или до друга дестиниција. Така што најчестите одговори кои ги добивме во овој прашалник, поврзани со прашањето дали постојат велосипедски и/или пешачки патеки до училиштето на нивното дете се тоа дека не постојат или доколку постојат истите се комплетно небезбедни и постојано окупирани од возила. Постоењето на велосипедски паркинзи во училишниот простор/двор навистина не радува како факт, и покрај тоа што е потребно нивниот број да биде значителен поголем. Критични места, опасни сообраќајни улици, како и преголемата брзина со која се движат автомобилите и непостоењето на сообраѓајни знаци што постојат на патот што ги поминуваат децата од дома до училиште претставуваат причина плус

Здружение на Граѓани ЕКО ЛОГИК

Ул. Бранислав Нушиќ 13-1/17

Тел: 389  02 5112716 / 389 78 365 902

veloschools.ecologic@gmail.com

ecologic.mk@gmail.com

www.ecologic.mk

за превземање на конкретни чекори поврзани со подобрување на безбедноста во сообраќајот. Континуирано изградени тротоари од дома до училиште е причина број еден, која поголемиот број од родителите ја истакнаа за да дозволат нивното дете да пешачи или вози велосипед од/до училиште. Училиштето како установа претставува место каде учениците го добиваат и унапредуваат своето знаење од сите области, преку различни работилници со ученици, наставници, родители.

Меѓутоа само делумното исполнување на своите ветувања од страна на локалните власти, претставуваат причина плус сериозно и интензивно да се работи на темата за безбедноста во сообраќајот и промоција на велосипедизмот во нашата држава.